ЈЕРОТЕЈ ВЛАХОС

# ЦРКВАТА И ОЛИМПИСКИТЕ ИГРИ

Олимписките игри во Атина ‘2004’ се врвен светски настан и нашата земја трескавично се подготвува, бидејќи целиот свет ќе ја гледа Грција, родното место на Олимписките игри. Црквата на Грција беше соочена со проблемот дали Црквата треба да учествува во подготовките на овој голем спортски настан или не. Црквата имаше две можности. Првата беше воопшто да не учествува, бидејќи Олимписките игри, како што се одржуваат денес, ја изгубиле нивната цел и нивната мисија, бидејќи наместо културни настани тие се трансформираа во комерцијална организација од огромни размери. Другото гледиште беше дека Црквата треба да учествува во овој настан бидејќи, меѓу другото, таа има можност да му даде значење.



По разговорите што се водеа во Синодските комисии, Светиот Синод на Црквата на Грција се приклони кон второто гледиште, ризикувајќи да донесе одлука што може да се смета за утопистичка. Во она што следи ќе изнесам некои од моите гледишта како поддршка на одлуката на Светиот Синод. Секако, не сум наивен да ја занемарам сегашната состојба на спортските настани и фактот дека Олимписките игри се испреплетени со економски интереси и комерцијализација на спортот. Во најдобар случај, спортот е исполнет со хуманизам. Во најлош, тој е поврзан со злоупотреба на дроги со самодеструктивни последици за секој атлет. Дури и самата промена во терминологијата посочува еден голем проблем; од атлетски натпревари, односно, настани поврзани со зборовите „атлос“ и „его“ на грчки, т.е. *подвиг за подобрување на личноста*, во „игри“. Меѓутоа, јас сметам дека поради тоа што Олимписките игри ќе се одржат во Атина, седиштето на Светиот Синод, Црквата на Грција не може да апстинира од овој врвен светски настан, и покрај нејзините можни несогласувања во врска со начинот на одржувањето на игрите. Постојат теолошки и други причини што го поддржуваат ова гледиште.



1.
Православната теологија, која е гласот на Црквата, не е апстрактна идеологија, не е импрегнирана и инспирирана од монофизитизам и маниканизам. Ова значи дека православната теологија не се занимава со идеи туку со животот и посебно со човекот кој живее во одредено место и време и го бара своето спасение. Понатаму, Црквата не се занимава со една страна од човечкиот живот, т.е. душата, духот; таа се грижи за целиот човек, кој се состои од душа и тело. Затоа, ние православните не сме водени ниту од идеализам ниту од маниканизам - запоставување на телото, на природата, итн. - ниту пак од идолопоклонство - обожување на телото и на природата.

2.
Во православната теологија се упатуваме на паднатата природа којашто човекот ја облече по неговиот пад и која Бог ја благослови. Може да се спори дека паднатата природа, којашто според учењето на Отците на Црквата е гревот и смртта, е насекаде во природата. Целокупниот живот, онаков каков што е денес, е ефект после падот, којшто Црквата е повикана да го трансформира. Уметноста, културата, бракот, науката и воопшто човечкото однесување се поставени во овој контекст. Спортот исто така е поставен во овој контекст. Дали некој може да го замисли спортот, каков што е денес, во состојбата пред падот? Така, задачата на Црквата не е да ја одрекува паднатата состојба туку да ја трансформира. Црквата, со својата теологија и целокупниот терапевтски метод, со својот аскетизам, настојува да го трансформира ирационалното во рационално, да му даде смисла на целосното постоење на човекот, оној после падот, да му даде значење на неговиот живот. Всушност, раѓањето на спортот, каков што го среќаваме во борбите со бикови, кој се состои од трансцеденција и трансформација на ирационалниот елемент, човековата доминација над минливото и над ѕверскиот елемент, може исто така да биде предмет на црковниот живот.

3.
Како што спомнавме претходно, денешните Олимписки игри ја изгубија својата првобитна цел, бидејќи игрите одржувани во античка Грција беа поврзани со светите дарови и арена, кои заедно, како и Игрите, беа сместени во перспективата на очистувањето на човекот и неговата потрага по Бога. Денес Олимписките игри се разделени од религијата и културата и се поврзани со стерилниот хуманизам и комерцијалните организации. Сепак, Црквата, којашто има динамика, живот, има потенцијал да трансформира и да измени сè и да го врати спортот назад кон неговата вистинска цел. Секако, не е лесно да се промени рамката и структурата на организацијата на Олимписките игри. Меѓутоа, како што илустрира историјата на Црквата, таа може да ги постигне најголемите промени преку

повторното раѓање на човекот, додека исто така учествува и во социјалниот процес. Оние повторно родените преку Божествената благодат којашто постои во Црквата го укинуваат ропството, ги менуваат институциите, ги трансформираат социјалните форми, ги менуваат цивилизациите со кои се среќаваат и создаваат нови, со повисоко значење и цел. Според научниците, византиската иконографија потекнува од портретите на Фаум и Божествената литургија ја има за модел драматургијата на античкиот театар. Слично, денес ние можеме да промениме многу нешта преку повторното раѓање на атлетите. Дури и да не можеме да ја промениме рамката на Олимписките игри, ние ја имаме обврската да им помогнеме на многу начини на атлетите што учествуваат во нив и да ги насочиме правилно оние што сакаат да се занимаваат со спорт.

4.
Одржувањето на ‘Олимписките игри 2004’ во Атина како домаќин, наметнува многу предизвици за Црквата, и Црквата не може да ги занемари или запостави. Пастирската грижа на Црквата не знае за граници, Црквата комуницира со целиот свет со цел да го трансформира, без, секако, самата да биде осквернета. Би сакал да споменам некои од овие предизвици.

Првиот е дека во текот на Олимписките игри многу православни од целиот свет ќе дојдат во Грција. Православната Црква треба да ги дочека во атмосфера и во дух на љубов и гостопримство.
Друг предизвик е тоа што, освен православните, многу други луѓе ќе дојдат заинтересирани да ја научат историјата на оваа земја. Така, Православната Црква ќе мора да покаже дека постои непрекината традиција со текот на времето, којашто не запре со освојувањето на Грција од страна на Римјаните во 146 г. п. н. е..
Третиот предизвик е дека некои пагански традиции може да се пројават, обидувајќи се да тврдат дека тие се наследници на елинизмот, дека христијанството е поврзано со јудаизмот а не со елинизмот, и дека Православната Црква се грижи само за достигнувањето на Рајот, а не и за човечкиот живот.
Четвртиот предизвик е нејзината издавачка активност. Таа мора да го прикаже своето учење за телото, аскетизмот, вежбањето и да го покаже своето културно богатство преку издавање на книги, брошури итн..
Постојат и други големи предизвици коишто не можат да се вклучат во оваа кратка статија. Факт е дека Црквата не може да остане пастирски инертна пред предизвикот на историјата, и покрај добро познатите проблеми на Олимписките игри.







јЕРОТЕЈ вЛАХОС



фотографија: о. Теофил

5.
Доколку Светиот Синод одлучеше воопшто да не се занимава со Олимписките игри, сигурен сум дека би имало многу теолози, посебно оние коишто сега изгледаат заинтересирани за учеството на Црквата во оваа организација, коишто би ја обвиниле Црквата за пиетистички менталитет и фундаментализам. Ова е поради тоа што тие ќе сметаат дека е погрешно Црквата да се занимава само со спасението на душтата и да го остави останатиот живот надвор од нејзините активности и нејзината трансформирачка моќ.
Не е можно во оваа кратка статија да се изложат сите причини коишто го оправдуваат учеството на Црквата во организацијата на ‘Олимписките игри 2004’ во нашата земја. И покрај нашата резервираност во однос на методите на шампионството денес, и во однос на начинот на којшто се организираат Игрите, ќе беше корисно да се формира синодска комисија за Олимписките игри дури и само поради тоа што Црквата треба пастирски да се позанимава со пристигнувањето на илјадници атлети, службени лица, гледачи и туристи, што наметнува различни позитивни или негативни предизвици.

*јуни 2002*

од англиски: **Марија Толева**